ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) а во врска со член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15193/15 и 31/16) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

СЕ ИЗВЕСТУВААТ граѓаните и правните лица од просторот опфатен со **Нацрт Детален урбанистички план за Брусничко Лавчански Реон, 1 дел – Блок 2, Општина Битола,** дека Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за организирање на:

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Нацрт Детален урбанистички план за Брусничко Лавчански Реон, 1 дел – Блок 2, Општина Битола**

Границата на Нацрт **Детален урбанистички план за Брусничко Лавчански Реон, 1 дел – Блок 2, Општина Битола,** се движи: на североисток осовина на ул. Довлеџик, на југоисток регулирано корито на река Курделец, на југозапад осовина на крак на новопланирана улица и на северозапад осовина на новопланиран бул. Социјалистичка Република.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од 3,14 ха.

Нацрт планот е утврден со Одлука на Советот на Општина Битола.

Јавна Презентација по Нацрт **Детален урбанистички план за Брусничко Лавчански Реон, 1 дел – Блок 2, Општина Битола,** ќе се одржи на ден **26.08.2016 г. (петок) во 10.00 часот** во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61.

Нацртот на **Детален урбанистички план за Брусничко Лавчански Реон, 1 дел – Блок 2, Општина Битола**, ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 26.08.2016 год. до 12.09.2016 год.

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, анкетните листови ги предаваат во архивата на Општина Битола каде добиваат деловоден број.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на Планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-984/3
22.08.2016 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk